25 години УНИ Банка
Твојата Банка

# ОБЈАВА

Согласно одредбите од Законот за банки, одредбите од Законот за трговски друштва и одредбите од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје објавува:

# ПОВИК

За учество на Вонредна седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, која ќе се одржи на ден 11.01.2019 година, во просториите на банката на ул.Максим Горки бр.6 Скопје, со почеток во 11,00 часот, со следниот:

# ДНЕВЕН РЕД

**I ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1. Отварање на собранието
2. Избор на работни тела на собранието
   - избор на Претседавач на собранието
   - избор на бројач на гласови
   - избор на записничар

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Предлог одлука за измена и дополнувања на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;
2. Предлог одлука за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда;
3. Предлог одлука за разрешување на член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;
4. Предлог одлука за именување на член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Правото на учество во работата на Собранието и правото на глас е условено со пријавување на акционерите, односно нивните застапници, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Пријавувањето на акционери-правни лица се врши со доставување на пријава, потпишана и заверена од надлежен орган на правното лице.

Пријавувањето на акционер-физичко лице се врши писмено, со доставување на пријава лично потпишана од физичкото лице.

Акционерот може со писмено полномошно заверено кај нотар да овласти полномошник кој ќе го застапува на Собранието, за што е должен да ја извести банката по писмен пат или електронски.

Полномошната и пријавите да се доставаат најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот на банката и Законот за трговски друштва.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да доставаат предлог за дополнување на дневниот ред со образложение за предложените точки или предлог одлуки по точките од дневниот ред, во рок од 8 дена од денот на оваа објава.

Материјалите за седницата на Собранието ќе бидат достапни на акционерите од денот на објавување на јавниот повик, секој работен ден во просториите на банката на ул.Максим Горки бр.6 и на интернет страницата на банката **www.unibank.mk**.

**Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**